08-350/15
19-06-2024

Врз основа на член 22 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК), постапувајќи по предмет оформен по сопствена иницијатива, на шестата седница одржана на ден 10.06.2024 година донесе

***Одлука***

Постапката по предметот со број 08-7168/1 од 21.07.2022 година, **СЕ ЗАПИРА.**
Согласно одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно надлежно постапување на ДКСК по предметот број 08-7168/1 од 21.07.2022 година.
Предметот со број 08-7168/1 од 21.07.2022 година да се архивира.
Одлуката, во деперсонализирана форма, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*О б р а з л о ж е н и е*

Предметот број 08-7168/1 од 21.07.2022 година е оформен по поднесена пријава во која се укажува дека лицето ________________________, член на ___________________________________, во анкетниот лист поднесен до ДКСК не пријавил дека е сопственик на патничко моторно возило марка Reanault.
Постапувајќи по предметот, во насока на утврдување на фактичката состојба, ДКСК за лицето ________________________________ и за членовите на неговото семејство прибави податоци од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност и Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Од добиените податоци од Министерството за внатрешни работи произлегува дека ________________________ со договор за купопродажба склучен на ден 02.05.2018 година се стекнал со Патничко моторно возило Renault Megane Scenic произведено 2007 година за купопродажна цена од 173.040,00 денари.

Наведеното возило именуваниот не го пријавил до ДКСК, но за истото немал законска обврска согласно член 85 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, имајќи во предвид дека вредноста на возилото не надминува 20 просечни нето плати.

Од наведените причини, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Претседател,**

**Татјана Димитровска**

Изготвил: А.Ч. , раководител на одделение
Одобрил: З.Б. , заменик претседател на ДКСК